Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Влада на Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**
**Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2023 година

**Дел. Бр.** 16-4941/1 **Зоранчо Стојанов**
[име и презиме]
**Датум:** 11-07-2023 **Главен инспектор**
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]
**Место:** (м.п.)
[потпис]

Резиме

Во извештајниот период јануари-јуни 2023 година, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата ги спроведе редовните и контролните инспекциски надзори според годишниот план за работа и месечните планови за работа на секојнинспектор.

-Од аспект на проценка на ризикот од неприменување на прописите кои спаѓаат во надлежност на оваа инспекциска служба, проценката на очекуваната состојба е направена со анализа на податоците добиени од извршените инспекциски надзори, утврдените недостатоци и неправилности во примената на прописите, изречените мерки за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности при спроведување на истите, како и анализа на примената на законските прописи и подзаконските акти. Според податоците добиени од месечните планови и извештаи за работа, се забележува зголемен број на контролни инспекциски надзори што овозможува намалување на ризикот од спречување на остварувањето на правата од социјална и детска заштита од голем во среден.

- Проценката на ризикот од неприменување на прописите кои спаѓаат во надлежност на инспекциската служба е направена преку анализа на податоците добиени од извршените инспекциски надзори, утврдените недостатоци и неправилности во примената на прописите, изречените мерки за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности при истите надзори, како и анализа на примената на законските прописи и подзаконските акти.

- Во текот на извештајниот период извршени се 76 редовни инспекциски надзори, 121 вонредни и 90 контролни инспекциски надзори, при што се констатирани вкупно 254 неправилности.
Константното зголемување на бројот на вонредни инспекциски надзори по основ на иницијативи на граѓани во областа на семејното законодавство и тоа во постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти, вршење на родителското право, постапката за заштита од семејно насилство, како и во областа на заштита на децата, продолжува и во овој извештаен период. Имено, споредбено со претходните години во истиот извештаен период кога се извршени 113 односно 108 вонредни инспекциски надзори, во овој период тој број е зголемен на 121, што значи намалување на потенцијалниот ризик од спречување на остварувањето на права од социјална и детска заштита. Според табеларниот приказ, извршени се вкупно 287 инспекциски надзори, од кои во областа на социјалната заштита и семејното законодавство 232 и во областа за заштита на децата 55.

Во однос на неправилностите, во секој инспекциски надзор просечно се констатира 0.89 неправилност, односно скоро при секој инспекциски надзор се констатира неправилност во постапувањето на субјектот на надзорот.

-Соодносот на контролните инспекциски надзори со утврдените неправилности се должи на спецификите на областа во која се врши инспекцискиот надзор, односно при еден инспекциски надзор можно е да се констатираат повеќе неправилности, а со

тоа се изрекуваат повеќе инспекциски мерки за отстранување на констатираните неправилности во еден ист инспекциски акт. Тоа значи дека со еден контролен надзор се контролираат повеќе претходно изречени мерки во еден инспекциски акт.

- Својата надлежност, инспекциската служба ја извршува преку 21 инспектори, од кои 17 инспектори се за социјална заштита и 4 инспектори за детска заштита. Во овој извештаен период има промена на бројот на вработени во службата и тоа еден кандидат за инспектор во одделението за инспекциски надзор над остварување права од социјална заштита и други парични надоместоци во Куманово на кој со решение УП1 16-2272/1 од 07.03.2023 година му е определен ментор за практична работа и обука на кандидатот во времетраење од 9 месеци.

- Годишната програма за генерички обуки и Годишната програма за специјализирани обуки, со цел континуирано професионално и стручно усовршување на инспекторите, ќе се реализира во второто полугодие од тековната година, со што ќе се овозможи инспекторите да се стекнат со нови и современи знаења и вештини и надградување на основните компетенции, кои ќе помогнат во нивниот професионален развој, квалитетно и ефикасно спроведување на работните цели и задачи.

- Како организациона единица во состав на Министерството за труд и социјална политика, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата нема посебен систем на управување со финансиските прашања и останати буџетски ресурси и финансирањето на инспекциската служба е инкорпорирано во единствениот буџет на министерството. Управувањето го врши Секторот за финансиски прашања, сметководство и буџет. И покрај тоа, инспекциската служба во соработка со Секторот за буџет и финансии при Министерството за труд и социјална политика, ги детерминира поголемиот дел од буџетските ставки на расходи предвидени за инспекциската служба.

-Во извештајниот период за прво полугодие 2023 година, инспекциската служба ја продолжи воспоставената соработка со Инспекцискиот совет, Народен правобранител на РСМ, Државна комисија за спречување на корупција, ЈУ Завод за социјални дејности, Државен инспекторат за труд, Агенција за вработување на РСМ, Министерство за внатрешни работи, Управа за јавни приходи, Фонд за пензиското и инвалидско осигурување на РСМ, организации од невладиниот сектор и други органи и организации.

-Инспекциската служба при извршувањето на работните задачи се води од начелата дефинирани во Законот за инспекциски надзор: законитост, еднаквост, непристрасност, објективност, неселективност, самостојност, заштита на јавниот интерес, превенција, пропорционалност и јавност.

## Управување со ризици

Проценката на ризик е направена преку идентификација на специфичните ризици во надлежност на инспекциската служба и мерење на степенот на ризик со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорите над субјектите на инспекциските надзори во надлежност на Секторот.

Врз основа на направените анализи и обработените податоци добиени од извршените инспекциски надзори, месечните извештаи по областите кои спаѓаат во делокруг на работа на оваа инспекциска служба, реализирани се планираните инспекциски надзори над примената и спроведувањето на:

-Законот за социјалната заштита со кој се уредени работите од областа на социјалната заштита;
-Законот за семејството со кој се уредува бракот и семејството и облици на посебна заштита на семејството, посвојувањето и старателството;
-Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство со кој се уредува постапувањето на институциите при преземање на мерки за превенција и заштита на жените од родово-базирано насилство и семејното насилство;
-Законот за правда на децата со кој се уредува постапувањето со децата во ризик и децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци;
-Закон за социјална сигурност на старите лица со кој се уредуваат условите и постапката за остварување и финансирањето на правото на социјална сигурност за старите лица;
-Законот за заштита на децата со кој се уредува системот и организацијата за заштита на децата.

## Организација и раководење

Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата е организиран како организациона единица со три одделенија согласно Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика и Правилникот за систематизација на работните места и тоа:

- Одделение за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци
- Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјална заштита
- Одделение за инспекциски надзор во областа на заштита на децата

Со инспекциската служба раководи раководителот на сектор - главен инспектор и три раководители на одделенија.

Инспекциската служба работите од својата надлежност ги извршува преку 21 инспектори, од кои 17 се инспектори за социјална заштита и 4 инспектори за детска заштита, кои се распоредени во Скопје- 11, Штип-1, Куманово- 3, Гевгелија- 1, Струмица -1, Кичево- 1, Гостивар- 1 , Битола-1 и Велес-1.

Во овој извештајниот период Јануари-Јуни 2023 година има промена на бројот на вработени во службата со вработување на советник инспектор со статус на кандидат заинспектор. Во одделението за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци на јавен оглас е вработен еден инспектор советник со решение за распоредување број 04-1790/21 од 06.03.2023 година. Раководителот на инспекциската служба со решение 16-2272/1 од 07.03.2023 определи на ментор за кандидатот за инспектор за практична работа и обука во времетраење од 9 месеци.

*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во I-во полугодие 2023 година, по вид, возраст и звање*

| Вид | Инспектор за социјална заштита | | | | | | Инспектор за детска заштита | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 - генерален инспектор | | | | | | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б2 - главен инспектор | | | | | | **0** | | | | 1 | | **1** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | **1** |
| Б3 - пом. главен инспектор | | | | | | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| Б4 - виш инспектор | | 1 | 1 | | 0 | **2** | | | | 1 | | **1** | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | **3** |
| В1 - советник инспектор | | 3 | 3 | 7 | | **13** | | | 2 | | | **2** | 0 | 3 | 5 | 7 | 0 | **15** |
| В2 - самостоен инспектор | | | | | | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В3 - помошник инспектор | | | | | | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| В4 - помлад инспектор | 0 | 2 | | | | **2** | | | | | | **0** | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | **2** |
| **Вкупно** | **0** | **6** | **4** | **7** | **0** | **17** | **0** | **0** | **2** | **2** | **0** | **4** | 0 | 6 | 6 | 9 | 0 | **21** |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во I-во полугодие 2023 година*

| Вид | Инспектор за социјална заштита | | | Инспектор за детска заштита | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | 0 | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 1 | | 1 | | | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |

## Инспекциски надзор

И во овој извештаен период, целосно се спроведени планираните инспекциски надзори, според динамиката определена во поединечните месечни планови за работа, преку:

- редовни инспекциски надзори кои опфаќаат надзор над спроведување на законите и другите прописи кои се во надлежност на овој орган;

- вонредни инспекциски надзори кои се вршат врз основа на иницијативи поднесени од државни органи, физички или правни лица, како и по службена должност;

- контролни инспекциски надзор кои се вршат по истекот на рокот определен во решението донесено за отстранување на утврдените неправилности и други повреди на закон или друг пропис.

Инспекциските надзори во центрите за социјална работа, установите за социјална заштита, установите за заштита на децата од предучилишна возраст и даватели на услуги од социјална заштита, во овој период ги опфатија следните подрачја:

-права од парична помош (гарантирана минимална помош, надоместок за плата за скратено работно време, право на детски додаток, право на посебен додаток, еднократна помош за новороденче, додаток за образование, право на социјална сигурност за старите лица, надоместок за помош и нега од трето лице)

- старателство и посвојување
- правда за децата
- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст
- услуги на вонсемејна заштита
- услуги во домот ( помош и нега во домот и лична асистенција)

- спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство
- сместување во установа

Според табеларниот приказ, извршени се вкупно 287 инспекциски надзори, од кои во областа на социјалната заштита и семејното законодавство 232 и во областа за заштита на децата 55. Споредбено со извештајниот период за 2021 и 2022 година кога се извршени 113 односно 108 вонредни инспекциски надзори, во овој период бројот е зголемен на 121, што значи намалување на потенцијалниот ризик од спречување на остварувањето на права од социјална и детска заштита.

Од табелата се гледа дека во текот на извештајниот период извршени се 76 редовни инспекциски надзори, 121 вонредни и 90 контролни инспекциски надзори, при што се констатирани вкупно 254 неправилности.

Во однос на неправилностите, во секој инспекциски надзор просечно се констатира 0.89 неправилност, односно скоро при секој инспекциски надзор се констатира неправилност во постапувањето на субјектот на надзорот.

Соодносот на контролните инспекциски надзори со утврдените неправилности се должи на спецификите на областа во која се врши инспекцискиот надзор, односно при еден инспекциски надзор можно е да се констатираат повеќе неправилности, а со тоа се изрекуваат повеќе инспекциски мерки за отстранување на констатираните неправилности во еден ист инспекциски акт. Тоа значи дека со еден контролен надзор се контролираат повеќе претходно изречени мерки во еден инспекциски акт.

Редовните инспекциски надзори се планирани врз основните принципи на методологијата на проценка на ризици. При планирањето на истите, се земаат во предвид поднесените иницијативи за вршење на вонредни инспекциски надзори во претходниот период и бројот и тежината на утврдени неправилности во истородните субјекти на надзор од страна на инспекторите, по што е планирано да се извршат редовни инспекциски надзори во оние субјекти каде е утврден поголем број на неправилности, зголемено повторување на истородни неправилности, неправилности со груби повреди на правата на корисниците за кои се предвидени прекршочни постапки и неправилности кои можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето, финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност како и загрозување на јавниот интерес. Фреквенцијата на инспекциските надзори и ангажираните ресурси се пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот и се насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат од неправилностите во работата кај субјектите на инспекциски надзор.

Посебна специфичност при инспекциските надзори е обемот и сложеноста на предметот на надзор. Ова особено се јавува при вршење на вонреден инспекциски надзор кога предмет на инспекцискиот надзор е постапка за остварување и користење на права и услуги од повеќе закони, поради што инспекторот истовремено треба да изврши надзор над применувањето и спроведувањето на повеќе закони, како и општи и поединечни акти донесени врз нивна основа.

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во I-во полугодие2023 година по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **13** | **4** | **8** | **25** | **40** |
| 1 | Велес | 3 | 1 | 5 | 9 | 12 |
| 2 | Градско | | | | 0 | |
| 3 | Демир Капија | 1 | | | 1 | 8 |
| 4 | Кавадарци | 4 | 1 | 1 | 6 | 4 |
| 5 | Лозово | | | | 0 | |
| 6 | Неготино | 4 | 2 | 2 | 8 | 13 |
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | 1 | | | 1 | 3 |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | **Источен регион** | **13** | **10** | **10** | **33** | **25** |
| 10 | Берово | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 11 | Виница | 1 | 1 | 1 | 3 | |
| 12 | Делчево | 2 | | | 2 | 9 |
| 13 | Зрновци | 1 | | | 1 | |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | |
| 15 | Кочани | 4 | 4 | 2 | 10 | 5 |
| 16 | Македонска Каменица | 1 | | | 1 | |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | |
| 18 | Пробиштип | 1 | | 1 | 2 | |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | |
| 20 | Штип | 2 | 5 | 5 | 12 | 9 |
| | **Југозападен регион** | **12** | **5** | **10** | **27** | **45** |
| 21 | Вевчани | 1 | | | 1 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Дебар | 3 | | 3 | 6 | 10 |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | 2 | 2 | 3 | 7 | 8 |
| 25 | Македонски Брод | 2 | | | 2 | 9 |
| 26 | Охрид | 1 | 1 | 2 | 4 | 8 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | 3 | 2 | 2 | 7 | 10 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | |
| | Југоисточен регион | 8 | 10 | 10 | 28 | 28 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | |
| 31 | Босилово | | | | 0 | |
| 32 | Валандово | 2 | 1 | 2 | 5 | 9 |
| 33 | Василево | | | | 0 | |
| 34 | Гевгелија | 2 | 2 | 2 | 6 | 2 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | |
| 38 | Радовиш | 1 | | 4 | 5 | 5 |
| 39 | Струмица | 3 | 7 | 2 | 12 | 12 |
| | Пелагониски регион | 8 | 6 | 9 | 23 | 20 |
| 40 | Битола | 3 | 3 | 3 | 9 | 10 |
| 41 | Демир Хисар | | | 1 | 1 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | 1 | | | 1 | |
| 44 | Крушево | 1 | | 2 | 3 | |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | | | | 0 | |
| 47 | Прилеп | 1 | 2 | 3 | 6 | 5 |
| 48 | Ресен | 2 | 1 | | 3 | 5 |
| | Полошки регион | 6 | 19 | 8 | 33 | 47 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | |
| 52 | Гостивар | 3 | 6 | 5 | 14 | 30 |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | 1 | | 1 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | 3 | 12 | 3 | 18 | 17 |
| | Североисточен регион | 8 | 3 | 1 | 12 | 17 |
| 58 | Кратово | 2 | | | 2 | 3 |
| 59 | Крива Паланка | 4 | 1 | 1 | 6 | 7 |
| 60 | Куманово | 2 | 2 | | 4 | 7 |
| 61 | Липково | | | | 0 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | Скопски регион | 8 | 64 | 34 | 106 | 32 |
| 64 | Аеродром | | 12 | 2 | 14 | 6 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | | 3 | 3 | 6 | 3 |
| 67 | Гази Баба | 2 | 11 | 4 | 17 | 9 |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | 4 |
| 70 | Илинден | 1 | | | 1 | |
| 71 | Карпош | 2 | 10 | 4 | 16 | 8 |
| 72 | Кисела Вода | | 6 | 5 | 11 | 2 |
| 73 | Петровец | 1 | | | 1 | |
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | | | 2 | 2 | 10 |
| 76 | Студени чани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 2 | 17 | 12 | 31 | 8 |
| 78 | Чаир | | 5 | 1 | 6 | 8 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | |
| 80 | Шуто Оризари | | | 1 | 1 | |
| ВКУПНО | | 76 | 121 | 90 | 287 | 254 |

## Обука на инспекторите и административните службеници

Согласно член 49 (3) од Законот за инспекциски надзор, Годишната програма за генерички обуки и Годишната програма за специјализирани обуки, со цел континуирано професионално и стручно усовршување на инспекторите, планираните обуки ќе се реализираат во второто полугодие од тековната година

Реализацијата на обуките ќе овозможи инспекторите да се стекнат со нови и современи знаења и вештини и надградување на основните компетенции, кои ќе

помогнат во нивниот професионален развој, квалитетно и ефикасно спроведување на работните цели и задачи.

*Табела за приказ на планирани генерички обуки за 2023*

| Вид на обука | Број на инспектори кои ќе ја посетат обуката |
|---|---|
| 1.1 - Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите ( Закон за инспекциски надзор) | 9 |
| 1.3 – Начела и организација, постапки, одговорност и санкции ( Закон за прекршоци) | 13 |
| 1.4 – Постапување по преставки и предлози, прекршочни одредби ( Закон за постапување по предлози и претставки) | 12 |
| 1.7 Компјутерска обработка и табеларни пресметки | 8 |
| 1.10 Комуникација | 10 |
| 1.13 Спречување на корупција | 15 |

*Табела за приказ на планирани специјализирани обуки на инспекторите за 2023*

| Тема/ област на обука | Број на инспектори кои ја завршиле обуката |
|---|---|
| Ставање под старателство на лица со одземена деловна способност, старател во посебен случај и ставање под старателство на малолетни лица (Закон за семејството) | 10 |
| Уредување на лични односи на дете со родителот со кого не живее и надзор над вршење над родителското право (Закон за семејството) | 14 |

| | |
|---|---|
| Посвојување (Закон за семејството) | 15 |
| Мерки на заштита од семејно насилство и мултисекторска соработка (Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство) | 11 |
| Вон- семејна затита: живеење со поддршка, згрижување во друго семејство, сместување во установа, персонална асистенција (Закон за социјалната заштита) | 8 |
| Право на гарантирана минимална помош, надоместок за помош и нега од друго лице, надоместок на плата за скратено работно време, додаток за домување и еднократна парична помош (Закон за социјалната заштита) | 14 |
| Право на детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош, родителски додаток и додаток за образование (Закон за заштита на децата) | 5 |
| Услуги од областа на детската заштита: детска градинка, центар за ран детски развој, агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и физички лица кои вршат згрижување од предучилишна возраст (Закон за заштита на децата) | 5 |

## Буџет и финансирање

Како организациона единица во состав на Министерството за труд и социјална политика, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата нема посебен систем на управување со финансиските прашања и останати буџетски ресурси и финансирањето на инспекциската служба е инкорпорирано во единствениот буџет на министерството. Управувањето го врши Секторот за финансиски прашања, сметководство и буџет. И покрај тоа, инспекциската служба во соработка со Секторот за буџет и финансии при

Министерството за труд и социјална политика, ги детерминира и раздвои поголемиот дел од буџетските ставки на расходи предвидени за инспекциската служба.

Основни расходни ставки потребни во работењето и функционирањето на инспкекциската служба се следните:

1. Плати и придонеси на плата во бруто износ
2. Патни и дневни трошоци на инспекторите
3. Осигурување на инспекторите според Закон
4. Гориво и одржување на возилата кои ги користи инспекциската служба

## Буџет за инспекциската служба при МТСП
## полугодишен извештај за период од 1-06 месец 2023 година

| Р.Б. | Ставка | шестмесечен износ | просечно - месечно |
|---|---|---|---|
| 1 | Плата и придонеси за плата | 7,381,668.00 | 1,230,278.00 |
| 2 | Патни и днени трошоци | 1,800,660,00 | 300,110.00 |
| 3 | Осигурување за инспекторите | 18,900.00 | 3,150.00 |
| 4 | Гориво и сервисирање на возила | 96,920.00 | 16,156.00 |
| | | | |

Како најголем расход за потребите на инспекциската служба се јавува ставката за Бруто плата на инспекторите, која за извештајнот период изнесува 7.381.668,00 денари или во просек 1,230,278.00 денари по инспектор. Во ставката за плати и придонеси на плата е вкалкулиран и додатокот за инспектор.

Спецификата на инспекциската служба предизвикува патување и користење на превозни средства. Затоа е превидена ставка за Патни и дневни трошоци во која се инкорпорирани трошоците за патување на инспекторите и трошоците за исплата на дневници според Законот за извршување на Буџетот за 2023 година. Висината на оваа ставка како што е прикажана во табелата за извештајниот период изнесува 1,800,660,00 денари, односно просечно за инспектор по 300,110.00денари по инспектор на месечно ниво.

Инспекторите од инспекциската служба кои се со седиште во Скопје користат две возила во сопственост на Министерството за труд и социјална политика за кои е предвидена ставка за гориво и одржување на возилата. Висината на оваа ставка за извештајниот период изнесува 96,920.00 денари. Потребно е да се напомене дека возилата се користат и од другите Сектори во Министерството за труд и социјална политика.

Ставката за осигурување на инспекторите согласно со член 52 од Законот за инспекциски надзор за извештајниот период е со висина од 18.900,00 денари за сите инспектори во инспекциската служба.

## Меѓународна соработка

Според Годишниот план за работа за 2023 година, инспекциската служба нема планирано меѓународна соработка, заради што во извештајниот период, ваква соработка не е остварена.

## Други активности на инспекциската служба

Инспекциската служба, во извештајниот период за прво полугодие 2023 година ја продолжи воспоставената соработка со Инспекцискиот совет, Народен правобранител на РСМ, Државна комисија за спречување на корупција, ЈУ Завод за социјални дејности, Државен инспекторат за труд, Агенција за вработување на РСМ, Министерство за внатрешни работи, Управа за јавни приходи, Фонд за пензиското и инвалидско осигурување на РСМ, организации од невладиниот сектор и други органи и организации.

## Заклучоци и препораки

Врз основа на табеларно прикажаните податоци за извршени инспекциски надзори, може да се заклучи дека за периодот јануари-јуни 2023 година Секторот целосно ги реализира месечните планови за работа предвидени во Годишниот план за работа за првото полугодие во тековната година, преку редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори, со што придонесе во квалитетот на примената на законите и другите прописи и акти донесени врз нивна основа од областа на социјалната заштита и заштита на децата во субјектите на инспекциски надзор.

Инспекциската служба при извршувањето на работните задачи се води од начелата дефинирани во Законот за инспекциски надзор: законитост, еднаквост, непристрасност, објективност, неселективност, самостојност, заштита на јавниот интерес, превенција, пропорционалност и јавност.